Финансирано од
Европска Унија

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ВЕБ: nkeu.mk)

**14-та Сесија на Работната група, 4 - Правда, слобода и безбедност**

**08.07.2023, Хотел „Панорамика“ 12:00-16:00**

## Тема: ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ИНТЕГРИТЕТ ДО ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Професионалноста и интегритетот се исклучително значајни во полициското работење, особено во современите општествени услови на примена на информатички технологии, виртуелните комуникации и трансакции, глобалната поврзаност, миграциите, зголемените закани од тероризам, организираниот криминал и други закани во кои учествува толпа. Заканите од ваков вид значително го зголемија милитаристичкиот аспект на полицијата. Од друга страна, во доменот на безбедноста и сигурноста дејствуваат многу други приватни агенции, корпорации и други тела што покажува дека, покрај полицијата, дејствуваат многу други чинители. Меѓутоа, начинот на дејствување на полицијата и нејзиниот пристап е посебен. Полицијата е дел од институционалниот систем и таа поседува авторитет со право да употреби сила. Нејзина основна задача е да ги спроведува законите и да ги штити основните права на граѓаните. Кога полицијата не го прави тоа на соодветен начин, тогаш треба да се изградат посебни механизми за да се даде одговор на состојбите и да се спречат злоупотребите.

Новите општествени трендови носат предизвици и во внатрешната организација на полицијата. Полициското дејствување постојано се прилагодува на новите потреби за откривање, документирање и гонење на случаите на корупција и организиран криминал. Успехот во оваа област е од големо значење за враќање на довербата кон институциите и јакнење на нејзиниот интегритет. Меѓународните инструменти (протоколи, конвенции и други стратешки документи) воведуваат нова терминологија, внесуваат нови алатки за квалитетно извршување, за зголемување на компетенциите во следење и управување со случаи, во финансиските истраги, а меѓу нив особено важни за нашата средина управувањето со ризик од корупција и колективно дејствување во борбата против корупцијата. Новите тенденции се насочени кон инклузивно вклучување на повеќе засегнатите страни, какви што се: приватниот сектор, граѓанското општество и медиумите. Тоа покажува дека интегритетот во полициското работење е клучна компонента во новите пристапи на организирање на доменот на безбедност и сигурност.

Во истата насока се и заклучоците дека интегритетот на полициските службеници е од посебно значење за јакнење на демократските процеси во општествата. Интегритетот на полицијата се чита во поддршката од јавноста, односно во ставовите на граѓаните кон постапувањето на полициските службеници. Граѓаните се значително осетливи кога наидуваат на недоличен однос на полицијата т.е. употреба на прекумерна сила, неправично и спектакуларно спроведување, манифестирање на моќ, примена на селективна правда,

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

одмаздољубивост, лични навреди, омаловажување и дискриминација. Полициското работење е важна инстанција во спроведувањето на законите што значи дека мора строго да се води сметка да не се наруши легитимитетот т.е. континуирано да ја има предвид јавната поддршка. Во нашата земја во текот на 2024 довербата на граѓаните кон полицијата се зголемила на 28 % ( за разлика од претходната година од 21%).[1] Иако истото истражување покажува дека оценките за професионалноста на полицијата се повисоки од претходно (31%) сепак граѓаните сметаат дека полициското работење е под силно влијание на партиските, владините или бизнис-интереси (65%).

Интегритетот во полициското работење е висок кога нема поплаки од граѓаните за постапувањето на полициските службеници и кога отсуствaат индиции за внатрешна корупција и други злоупотреби на службената положба. Врз интегритетот влијаат повеќе фактори. Меѓутоа, како ќе се однесуваат полициските службеници главно зависи од начинот на управување на сите полициски инстанции, особено високите управувачки структури. Интегритетот ќе биде поголем доколку постои јасно дефинирана одговорност на управните и раководните структури.

Кога се надминува границата на професионалноста и етичкиот кодекс потребно е да се употребат, а доколку ги нема да се креираат, механизми за интервенција со цел да се сочува легитимитетот на оваа институција и да јакне довербата на граѓаните. Во ефикасните полициски организации бројот на полицајци е помал поради тесната соработка на полицијата со граѓаните со што заштитата и сигурноста се социјализирани и пренесени на граѓаните. На овој план интервенираат и одредени културолошки, економски и други фактори што може да биде прашање за дискусија од посебен интерес. На пример, најмал број на полицајци има во Финска и другите нордиски држави (150 полицајци на 100.000 жители). Во Република Северна Македонија бројот на полицајци се зголеми во 2022 година, достигнувајќи 347,6 на 100 000 жители (330 во 2021 година), што е повисоко од просекот на ЕУ од 335,3/100 000 (Евростат, 2019-2021)[2].

. Сепак, се смета дека неопходно е да бидат развиени посебни системи на надзор на работењето на лицата со полициски овластувања. Овде се поставува прашањето дали внатрешната контрола и внатрешните истраги се доволни за надзор и за санкционирање на недоличното однесување на полициските службеници? Во кои услови внатрешната контрола е ефикасна, а во кои не ги дава поволните резултати?

Европската унија посветено работи на креирање на норми за регулирање на полициското недолично однесување, особено во случаи кога полициските службеници постапуваат од перспективата на предрасуди кон малцински групи (расни, етнички). Во тој контекст е Акцискиот план против расизмот 2020/2025 (Anti-Racism Action Plan 2020-2025

[1] Истражување: Перцепции на граѓаните на Република Северна Македонија за работата на полицијата, Евротинк 2024
[2] North Macedonia 2023 Report, p.40, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/28a9322a-3f18-434e-89d2-0890c90b2f96_en?filename=SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf

година каде е истакната улогата на Агенцијата за заштита на темелните права (European Union Agency for Fundamental Rights, FRA).

Во однос на механизмите за надзор на полициското работење се поставува и прашањето за начинот на кој се спроведува собирањето, ажурирањето, управувањето и спроведувањето на поплаките од страна на граѓаните. Во рамките на ЕУ граѓанскиот надзор е виден како потреба за остварување на демократичност во полициското работење и постојат различни форми и тела кои се разликуваат со оглед на нивната мисија, според нивниот мандат и пристап кон надзорот. Овие искуства се многу значајни за градење на функционални и ефективни пристапи. Во нашите практики постојат одредени надворешни механизми за надзор на полициското работење, но би требело да се направи систематска анализа за начините и ефектите од нивното работење.

Професионализацијата и градење на интегритетот на полицијата е процес од континуиран карактер. Започнува уште во фазата на селекција на кандидатите за полициски службеници. Меѓутоа, многу важна улога играат обуките во текот на професионализацијата. Овде се поставува прашањето дали се врши соодветен избор на темите за јакнење на интегритетот, изборот на обучувачите во нашата средина? На пример, во Европската унија посебно значење има Агенцијата за обуки за спроведување на законите (European Union Agency for Law Enforcement Training CEPOL). Исто така, актуелно прашање во европската унија е Кодексот за полициска етика кој е важечки и во Република Северна Македонија.

Транспарентното полициско работење е само еден од сегментите за градење на полицискиот интегритет. Неопходно е да постои канал за комуникација преку кој ќе циркулираат информации од функционално значење за граѓаните (соопштенија пренесени на разбирлив стил и други корисни податоци) но и канал за повратна информација од страна на граѓаните. Во овој дел се забележани значајни подобрувања во полициското работење во изминатите години. Република Северна Македонија има изградено легислатива рамка која е усогласена со европските и меѓународни норми и стандарди (Законот за внатрешни работи и Законот за полиција), како и со Европскиот Кодекс за полициска етика. Сепак, според податоците од истражувањето на вој план има уште многу нови прашња кои чекаат одговори. Актуелниот проблем со тесните грла во промената на патните исправи треба да биде школски модел за учење за креирање на функционални модели на реакција и мобилизација на системот во слични услови.